КејДимитарВлахов бр.21
1000 Скопје
РепубликаМакедонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став (1), точка 5, а во врска со член 147 став (1) од Законот за електронските комуникации („Сл.весник на РМ“ бр. 39 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19, 153/19 и 92/21), на барање на корисникот, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 03.06.2022 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со следните евидентни броеви: 112511, 108003, 106792 и 111276 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со адреса на Плоштад Пресвета Богородица бр. 1 во Скопје на негово барање.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации издаде одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба со следните евидентни броеви: : 112511, 108003, 106792 и 111276 на Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со адреса на Плоштад Пресвета Богородица бр. 1 во Скопје.

На 20.05.2022 година Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со адреса на Плоштад Пресвета Богородица бр. 1 во Скопје, достави до Агенцијата за електронски комуникации барање за отповикување на горенаведените одобренија со број уп1-бр.0802-241. Врз основа на

горенаведеното, а согласно член 24 став (1), алинеја 5, а во врска со член 147 став (1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39  39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19, 153/19 и 92/21), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена  од денот на приемот на истото.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број УП1-Бр.0802- 241
Скопје, 30.06.2022

Изготвил: Александар Панчевски

Раководител на Одделение за фиксна и мобилна служба
Радка Шекутковска

Раководител на Сектор за радиокомуникации
Јане Јакимовски

Советник за радиокомуникации и контрола
и мониторинг на радиофреквенции
Игор Бојаџиев

**Директор**
**Jeton Akiku**

Доставено до:
- странка
- сектор за радиокомуникации
- сектор за контрола  и мониторинг на радиофреквенции
- сектор за финансии и сметководст
- архива

АЕК-301.17